РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел:045 274 810 e-mail: mak_brod @yahoo.com

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **12.10.2012 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 10 – 2012 год.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за измена и дополна на распоредот на средствата во Буџетот на општина Македонски Брод за 2012 година**

Се прогласува **Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на општина Македонски Брод за 2012 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за измена и дополна на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2012 година**

Се објавува **Одлуката за измена и дополна на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2012 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/ 18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36,став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на Р.М бр 5/2002 год), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник бр.64/05,4/08,103/08,156/09 и 95/10),Советот на општина М.Брод на седница одржана на **08.10.** 2012 ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина М.Брод за 2012 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на општина М.Брод за 2012 год на следниот начин

| Потпрограма<br>Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **E00** | **ГРАДСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | -471.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | -53.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | -46.500 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | -3.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421440 | Транспорт на луѓе | 0 | 0 | -10.000 | 0 | 0 |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 0 | -6.000 | 0 | 0 |
| 425920 | Услуги за копирање, печатење и издавање | 0 | 0 | 6.000 | 0 | 0 |
| 421110 | Електрична енергија | 262.500 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 24.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 425360 | Плаќање на судски такси | 21.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 41.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучувајќи резервни делови, гуми) | 50.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426310 | Семинари и конференции | 1.500 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 60.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **J40** | **ЈАВНА ЧИСТОТА** | | | | | |
| 401160 | Работа на определено време | 471.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 53.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 46.500 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболување | 3.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **JD0** | **ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ** | | | | | |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | -460.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **K20** | **МУЗИЧКА И СЦЕНСКО - УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | -10.000 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 0 | 0 | -2.000 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 0 | -2.000 | 0 |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 0 | 0 | 0 | -3.000 | 0 |
| 420120 | Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 0 | 4.000 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 3.000 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | -25.000 | 0 | 0 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | -6.500 | 0 | 0 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | -2.500 | 0 | 0 | 0 |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 0 | -2.000 | 0 | 0 | 0 |
| 480190 | Купување на друга опрема | 0 | -4.000 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 0 | 40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 421220 | Дрва | 0 | 0 | 0 | -190.360 | 0 |

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 0 | 0 | -30.000 | 0 |
| 464220 | Плаќања за сместување на ученици од основно образование | 0 | 0 | 0 | -28.490 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 0 | 0 | -20.000 | 0 |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 0 | 0 | 0 | -15.000 | 0 |
| 483120 | Купување на училишен мебел | 0 | 0 | 0 | -15.000 | 0 |
| 401130 | Основни плати - други вработени | 0 | 0 | 0 | 170.000 | 0 |
| 401310 | Персонален данок на доход од плата | 0 | 0 | 0 | 10.000 | 0 |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | 48.850 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | 20.000 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 0 | 50.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина М.Брод и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012година.

**Бр.07-767/3**
**08.10.2012година**

**Претседател на Советот на Општина**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ДРАГЕ ЈОСИФОСКИ** с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10 2012година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на квартален извештај К1 за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод , К2 –квараталeн извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 –Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ги усвои К1 за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод , К2 –квараталeн извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 –Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 767/4 — Совет на општина Македонски Брод

08.10.2012 година — П р е т с е д а т е л,

Македонски Брод — Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2012 година**

Се објавува **Измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2012 година** ,што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст(„Сл.весник на РМ “60/11) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ “ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод “ бр.02/03 ,Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 08.10.2012 година донесе:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА**

# ПРОГРАМА

## ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012 ГОДИНА

## ВОВЕД :

Се изменува и дополнува Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2012 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр. 07-146/4 од 28.02.2012 година.

**Б.ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

**-Измена и дополна на Деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок-1“ за Македонски Брод,за Градежна парцела:Јавен паркинг (ЈП), Д-3 Спорт и рекреација (13.3 градски стадион и 13.2 градски базен) во Македонски Брод.**

**5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Останатите одредби од Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2012 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр. 07-146/4 од 28.02.2012 година остануваат непроменети

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод

Бр.07- 767/5 од 08.10.2012 год.
Македонски Брод

ПРЕТСЕДАТЕЛ
. на Советот на Општина Македонски.Брод
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Измена и дополна на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Македонски Брод за 2012 година**

Се објавува **Измена и дополна на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Македонски Брод за 2012 година**,што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 89 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр. 17/2011 и 53/2011),член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) член 21 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003),Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година, донесе

## ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ПРОГРАМАТА

## ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012 ГОДИНА

### 1.ВОВЕД

Се изменува и дополнува Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република македонија на подрачјето на општината Македонски Брод за 2012 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр.07-980/8 од 30.11.2011 година

Со оваа измена и дополна на Програма опфатени се следните локалитети:

**1. Детален урбанистички план за с.Здуње**

**2.Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр1 со капацитет до 1 МВ на КП бр.161 и дел КП бр.162 за КО Инче општина Македонски Брод.**

**3. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр.2 со капацитет до 1 МВ на дел од КП бр.162 за КО Инче општина Македонски Брод.**

**4. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр3 со капацитет до 1 МВ на дел од КП бр. 162 за КО Инче општина Македонски Брод.**

**5. Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотоволтична централа бр4 со капацитет до 1 МВ на дел од КП бр.162 за КО Инче општина Македонски Брод.**

## 2. ОБЕМ И ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

### 2.1.Градежни парцели што ќе бидат предмет на отуѓување по пат на јавно надавање

**Урбанистички план за с.Здуње**

Табела со следните информации:

| Број на градежна парцела | Вкупна површина на ГП | Намена на земј.основна | Намена на земј. опис | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површина за градба | Бруто разв.површина | Процент на изграденост | Коефициент на искорист. | Максимална дозволена висина | катност | Почетна утврдена цена по м/2 | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 500 | Викенд | А4 | 92/1 | 216 | 432 | 43 | 1,29 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 30.500 |
| 2 | 416 | Викенд | А4 | 92/1 | 207 | 414 | 49 | 1,24 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 25.376 |
| 3 | 420 | Викенд | А4 | 92/1 | 182 | 364 | 43 | 1,10 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 25.620 |
| 4 | 420 | Викенд | А4 | 92/1 | 182 | 364 | 43 | 1,10 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 25.620 |
| 5 | 323 | Викенд | А4 | 92/1 | 100 | 200 | 32 | 0.92 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 19.703 |
| 6 | 306 | Викенд | А4 | 92/1 | 108 | 216 | 35 | 1,00 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 18.666 |
| 7 | 306 | Викенд | А4 | 92/1 | 108 | 216 | 35 | 1,00 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 18.666 |
| 8 | 289 | Викенд | А4 | 92/1 | 100 | 200 | 32 | 1,00 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 17.629 |
| 9 | 500 | Викенд | А4 | 92/1 | 195 | 390 | 39 | 1,17 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 30.500 |
| 10 | 396 | Викенд | А4 | 92/1 | 217 | 434 | 55 | 1,36 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 24.156 |
| 11 | 374 | Викенд | А4 | 92/1 | 154 | 308 | 41 | 1.23 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 22.814 |
| 12 | 440 | Викенд | А4 | 92/1 | 186 | 372 | 41 | 1,26 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 26.840 |
| 13 | 352 | Викенд | А4 | 92/1 | 124 | 248 | 35 | 1,05 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 21.472 |
| 14 | 410 | Викенд | А4 | 92/1 | 168 | 336 | 41 | 1,23 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 25.010 |
| 15 | 351 | Викенд | А4 | 92/1 | 144 | 288 | 41 | 1,23 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 21.411 |
| 16 | 324 | Викенд | А4 | 92/1 | 110 | 220 | 33 | 1,10 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 19.764 |
| 17 | 306 | Викенд | А4 | 92/1 | 110 | 200 | 36 | 1,10 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 18.666 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | 414 | Викенд | А4 | 92/1 | 130 | 260 | 32 | 0.94 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 25.254 |
| 19 | 324 | Викенд | А4 | 92/1 | 120 | 240 | 37 | 1,11 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 19.764 |
| 20 | 306 | Викенд | А4 | 92/1 | 110 | 220 | 33 | 1,10 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 18.666 |
| 21 | 1980 | Трговско деловен | Б1 | 92/1 | 805 | 1610 | 40 | 1,22 | 5,5 | П+1 | 61,0 | |
| 22 | 270 | Викенд | А4 | 92/1 | 90 | 180 | 30 | 1,00 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 16.470 |
| 23 | 288 | Викенд | А4 | 92/1 | 100 | 200 | 29 | 1,05 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 17.568 |
| 24 | 234 | Викенд | А4 | 92/1 | 70 | 140 | 29 | 1,15 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 14.274 |
| 25 | 360 | Викенд | А4 | 92/1 | 110 | 220 | 30 | 0,92 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 21.960 |
| 26 | 288 | Викенд | А4 | 92/1 | 110 | 220 | 38 | 1,14 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 17.568 |
| 27 | 270 | Викенд | А4 | 92/1 | 90 | 180 | 30 | 1,00 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 16.470 |
| 28 | 340 | Викенд | А4 | 92/1 | 132 | 264 | 38 | 1,176 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 20.740 |
| 29 | 360 | Викенд | А4 | 92/1 | 144 | 288 | 40 | 1,20 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 21.960 |
| 30 | 400 | Викенд | А4 | 92/1 | 135 | 270 | 33 | 1,00 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 24.400 |
| 79 | 1900 | Бунгалови | А4 | 92/1 | 600 | 1200 | 31 | 0,95 | 5,50 | П+1 | 61,0 | 115.900 |
| 80 | 504 | Викенд | А4 | 92/1 | 154 | 308 | 30 | 0.91 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 30.744 |
| 81 | 504 | Викенд | А4 | 92/1 | 154 | 308 | 30 | 0.91 | 5,5 | П+1 | 61,0 | 30.744 |
| 82 | 528 | Викенд | А4 | 92/1 | 168 | 336 | 32 | 0.95 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 32.208 |
| 83 | 528 | Викенд | А4 | 92/1 | 168 | 336 | 32 | 0.95 | 6,0 | П+1 | 61,0 | 32.208 |

**2.2.Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање.**

Табела со следните информации:

| Број на градежна парцела | Вкупна површин а на ГП | Намена на земј.осно вна | Намена на земј. опис | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површи на за градба | Бруто разв.пов ршина | Процент на изграден ост | Коефици ент на искорист | Максима лна дозволен а висина | катност | Почетна утврдена цена по м/2 | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 20.932 | Фотоволт аична централа | **Е2** | 161 и дел162 | 16.424 | 16.424 | | | 7,00 | П | | |
| 2 | 20.298 | Фотоволт аична централа | **Е2** | 162 | 16.509 | 16.509 | | | 7,00 | П | | |
| 3 | 23.596 | Фотоволт аична централа | **Е2** | 162 | 12.503 | 12.503 | | | 7,00 | П | | |
| 4 | 28.237 | Фотоволт аична централа | **Е2** | 162 | 21.438 | 21.438 | | | 7,00 | П | | |

## 3. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Останатите одредби од Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општината Македонски Брод за 2012 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр.07-980/8 од 30.11.2011 година остануваат непроменети.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Бр.07-767/6 од 08.10. 2012година

Совет на општина Македонски Брод

Претседател,

Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Изменувањето и дополнувањето на Програмата за изградба , реконструкција , одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Македонски Брод за 2012 година**

Се објавува **Изменувањето и дополнувањето на Програмата за изградба , реконструкција , одржување и заштита на локални патишта и улици во општина Македонски Брод за 2012 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА

# П Р О Г Р А М А Т А ЗА ИЗГРАДБА,РЕКОНСТРУКЦИЈА,ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012ГОДИНА

Октомври 2012, Македонски Брод

Врз основа на член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 84 т.1 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011год.) и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03),Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 08.10.2012 година, донесе:

# ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА П Р О Г Р А М А ТА

## за изградба , реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година

**1.**На Програмата за изградба,реконструкција,одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод бр.07-980/3 од 30.11.2011г се врши изменување и дополнување во :

**Т.2. Изградба ,модернизација и реконструкција на улици** се врши дополнување на активностите и тоа:

**-Изградба-модернизација на дел од ул.„Маршал Тито“, крак кон градскиот стадион и крак кон автобуска станица во Македонски Брод.**

Останатите одредби од Програмата остануваат непроменети.

**2. Завршна одредба**

Ова изменување и дополнување на Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.07- 767/7 од 08.10.2012г.

Македонски Брод

**Совет на Општина Македонски Брод**

**Претседател,**

**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за утврдување на Нацрт –Измена и дополна на Детален урбанистички план „Блок-2“ за ГП 10.12КПбр.3743/2 КО Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за утврдување на Нацрт –Измена и дополна на Детален урбанистички план „Блок-2“ за ГП 10.12КПбр.3743/2 КО Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/ 18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

,

Врз основа на член 24 т.1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 60/2011 год.), член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општината Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.02/03 год.), Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 год.ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За утврдување на Нацрт- Измена и дополна на Детален урбанистички план „Блок-2“ за ГП 10.12 КП бр.3743/2 КО Македонски Брод**

1. Се утврдува Нацрт-Измена и дополна на Детален урбанистички план за „Блок-2“,за ГП 10.12 КП бр.3743/2 за КО Македонски Брод за плански период 2012-2017 година изработен од страна на ДООЕЛ„Перкан-Проект“ од Прилеп со тех.бр.63/12 година со следната содржина:

**1. НАСЛОВНА СТРАНА**

**2. СОДРЖИНА**

**3. ИЗВОД ОД РЕГИСТРАЦИЈАТА НА ФИРМАТА**

**4. ЛИЦЕНЦА НА ФИРМАТА И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЛАНЕРИТЕ**

**5. ПРИЛОЗИ**

1. Измена и дополна на ПРОГРАМА за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2012 година донесена на Совет на Општина Македонски Брод со број 07-524/4 од 27.07.2012 година.

2. Планска Програма за изработка на ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН „БЛОК -2“ ЗА ГП 10.12, КП 3743/2, КО МАКЕДОНСКИ БРОД, ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД.

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени, Ажурирана геодетска подлога на КПбр. 3743/2 за КО Македонски Брод со бр. 71.12-375 од 09.08.2012година.

4. Геодетски елаборат за геодетски посебни намени, Нумерички податоци – КП.бр.3743/2 во КО Македоснки Брод со бр. 71.12-375 од 09.08.2012година.

5. Известување од Јавно комунално претпријатие „Водовод и канализација„ Македонски Брод, за водовите на постојната водоводна и канализациона мрежа бр. 03-241/2 од 17.08.2012г.

6. Известување за водовите на постојната електрична мрежа со бр. 27-3869/2 од 23.08.2012г. издадено од ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ-Кичево.

7. Известување за водовите на постојната телефонска мрежа со бр.251-314276/2 од 23.08.2012г. издадено од - Македонски телеком АД Скопје.

8. Известување од Министерството за Култура – Управа за заштита на културното наследство – Скопје со бр.17-2692/2 од 29.08.2012г.

## 6. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

**А - текстуален дел –**

1. Вовед
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето за планскиот опфат
3. Историјат на планирањето за подрачјето на планскиот опфат
4. Податоци за природните чинители во рамките на планскиот опфат
5. Податоци за создадените вредности и чинители во рамките на планскиот опфат

6. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура
7. Инвентаризација и снимање на постојни споменички целини
8. Инвентаризација и снимање на изградената комунална инфраструктура
9. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби
10. Анализа на степен на реализација на постојниот план
11. Анализа на можностите за просторен развој
12. Извод од план од повисоко ниво

**Б - нумерички дел -**

1. Нумерички показатели на постојната состојба

**В - графички дел -**

1. Извод од ГУП за Македноски Брод ------------------------------------ М = 1: 2500
2. Извод од ДУП „Урбана единица бр.2“ за Македонски Брод ------. М = 1: 1000
3. Ажурирана геодетска подлога------------------------------------------ М = 1: 500
4. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и изградената комунална инфраструктура---------- М = 1: 500
5. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби ------- М = 1: 500

**7. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А - текстуален дел –**

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
2. Текстуални одредби од Изводот од план од повисоко ниво кои се однесуваат на планскиот опфат и претставуваат услови за планирање
3. Планска програма
4. Опис и образложение на планскиот концеп за просторниот развој во рамките на планскиот опфат
5. Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура

- Намена на земјиштето и градбите
- Регулациони и градежни линии
- Површини за градба и висински план
- Процент на изграденост
- Коефициент на искористеност
- Сообраќај и нивелациски план
- Водовод и Канализација
- Електрика и ПТТ
- Заштита на животната средина
- Мерки за заштита и спасување
- Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвадилизирани лица

6. Економско образложение
7. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите
8. Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите

**Б - нумерички дел -**

1. Нумерички показатели на планираната состојба
2. Билансни показатели

**В- графички дел -**

1. Регулационен план ------------------------------------------------------------ М =1: 500
2. План на површини за градење --------------------------------------------- М =1: 500
3. Сообраќаен план, нивелациски план и план на зеленило------------ М =1: 500
4. Инфраструктурен план------------------------------------------------------- М =1: 500
   - Водовод
   - Канализација
   - Електрика
   - ПТТ
5. Синтезен план на планските решенија----------------------------------- М =1: 500

2.Графичкиот дел од Нацрт-Измена и дополна на Детален урбанистички план за „Блок-2“,за ГП 10.12 КП бр.3743/2 за КО Македонски Брод за плански период 2012-2017 година изработен од страна на ДООЕЛ„Перкан-Проект“ од Прилеп со тех.бр.63/12 година се чува во одделението за урбанизам и заштита на животната средина и не се објавува.

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

Бр. 07-767/8
08.10.2012 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за потреба за размена на градежно земјиште за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење**

Се објавува **Одлуката за потреба за размена на градежно земјиште за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење ,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/ 18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 16 став 3 од Законот за градежно земјиште (Сл.весник на РМ бр.17/2011 и 53/2011) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10. 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за потребата за размена на земјиште за изградба на објекти**
**од јавен интерес од локално значење**

**Член 1**

Согласно оваа **Одлука** се утврдува потребата за размена на градежно земјиште сопственост на Република Македонија со градежно земјиште сопственост на физички лица,за изградба на објект,градски базен, од јавен интерес од локално значење.

**Член 2**

Размената на градежното земјиште се однесува на катастарските парцели со следните индикации: КП.бр. 3576/3,викано место „Преку река“,култура ливада,класа 2 со површина од 333 м2,запишана во Имотен лист бр.2558 за КО Македонски Брод, со право на сопственост на Република Македонија, со КП.бр.3569/2 викано место „Преку река“,култура ливада,класа 2,со површина од 94 м2 и КП.бр.3569/3,викано место „Преку река“,култура ливада,класа 2 со површина од 119 м2,запишани во Имотен лист бр.463 за КО Македонски Брод,со право на сосопственост на Жарко Дабески и Тони Дабески од Скопје.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на општина Македонски Брод,по добивањето на Согласност од Владата на Република Македонија да склучи договор за размена на градежното земјиште.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Број 07- 767/9
08.10.2012 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Критериуми (елементи) за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот по зони**

Се објавуваат **Критериумите (елементи) за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот по зони ,** што ги донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/ 18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

Врз основа на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (“Сл. Весник на РМ“ бр. 50/2005 , 40/2010 , 46/2010 и 183/2011), како вредност на имотот која може да се постигне во слободниот промет за станбени здради и станови, деловни згради и деловни простории, административни згради и административни простории , згради и станови за одмор и рекреација , и други градежни објекти , градежноземјиште , земјоделско земјиште , шуми и пасишта , според зоните , како основа за пресметување на данокот на имот , данокот на наследство и подарок и данок на промет на недвижности и член 43 точка 7 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник бр2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 год. донесе:

## Критериуми (елементи)

за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот по зони односно групи на катастарски општини за населените места во градот и селата во Општина Македонски Брод.

## I. Прва зона :

### 1.Улиците :

– **Ул. „Маршал Тито“, со сите краци**
(од плоштад до мост „Алкалоид“ )
- **Ул.„Партизанска“ , со сите краци**
(од објект „Ветеринарна станица до спој со ул.„Илија Игески Цветан“)
- **Ул.„Димитар Влахов“** (од полициска станица до градски пазар )

**2.Градежното (урбанизирано) земјиште предвидено за викенд населби**

## II. Втора зона :

**1. Сите останати улици (во урбанизираните блокови на градот - во опфат на ГУП за М.Брод ) , што не се споменати во првата и третата зона.**

**2.Градежното (урбанизирано) земјиште предвидено со ЛПУД**

**3.Градежното земјиште на населените места во близина на езерото „Козјак“ : с.Долна Белица,с.Тажево,с.Брезница, с.Близанско и с.Здуње.**

**4.Сите катастарски парцели во планскиот опфат и катастарски парцели надвор од планскиот опфат а на кои се изградени бесправни објекти за кои се издадени решенија за утврдување на правен статус-легализација.**

## III. Трета зона :

**1.Градежното земјиште на сите останати населени места во Општина М.Брод.**

| **Макролокациски зони (според методологија)** | **Зони во општина М.Брод** | | |
|---|---|---|---|
| | **I.Прва зона Просечни бодови по $м^2$** | **II.Втора зона: Просечни бодови по $м^2$** | **III.Трета зона Просечни бодови по $м^2$** |
| **XVI до XVI - 2** | 30 – 20 бодови | | |
| **XVI - 2 до XVII-1** | | 20 – 10 бодови | |
| **XVII-1 до XVIII** | | | 10 – 5 бодови |

## I. Земјоделско земјиште

**1. Прва група на катастарски општини : М.Брод, Ижиште, Ореовец, Белица, Тажево,Брезница,Требовље, Близанско и Здуње**

Просечна цена по вредноста на класа 1-3 : 650 - 550 ден./$м^2$
Просечна цена по вредноста на класа 4-8 : 500 - 300 ден./$м^2$

**2.Сите останати катастарски општини**

Просечна цена по вредноста на класа 1-3 : 500 - 400 ден./$м^2$
Просечна цена по вредноста на класа 4-8 : 350 - 150 ден./$м^2$

## II .Шуми и пасишта

Цените по класа се за 20% помали од цените за соодветната класа на земјоделско земјиште .

**Критериумите влегуваат во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина М.Брод“**

Бр.07-767/10
08.10.2012 год
Македонски Брод

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 89 а став 1,алинеја 2 од Законот за измена и дополнување на Законот за средно образование (Сл.весник на РМ бр.67/2004), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08 Октомври 2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА 2011/12 И ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА СОУ „ СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ“ МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012/2013 ГОДИНА**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои Годишниот извештај за работа на СОУ „Свети Наум Охридски“ Македонски Брод за 2011/2012 и Годишна Програма за 2012/2013 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 767/11 — Совет на општина Македонски Брод

08.10.2012 година — П р е т с е д а т е л,

Македонски Брод — Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 98-а став 1,алинеја 2 од Законот за заштита на децата-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.170/2010), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08 Октомври 2012 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОЈУ-ДЕТСКА ГРАДИНКА 7-ми СЕПТЕМВРИ МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012/2013 ГОДИНА**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Годишната програма за работа на ОЈУ-детска градинка 7-ми Септември Македонски Брод за 2012/2013 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 767/ 12

08.10.2012 година

Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод

Претседател,

Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по поднесено барање од М.з Д.Манастирец ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година донесе

# З А К Л У Ч О К

**За поставување на испусни цевки на пат Манастирец кон сЛаг**

1.Советот на општина Македонски Брод по поднесено барање од м.з с Лаг донесе заклучок за поставување на испусни цевки на патот с.Манастирец кон с.Лаг. Се задолжува одделението за урбанизам да ја утврди состојбата и согласно можностите и законските прописи да се постапи по заклучокот.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 767/13**
**08.10.2012година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за набавка на цевки за приклучок во систем за отпадни води во с.Д.Манастирец**

Се објавува **Одлуката за набавка на цевки за приклучок во систем за отпадни води во с.Д.Манастирец**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/ 18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по поднесено барање од М.З Д.Манастирец ,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година

# О Д Л У К А

**За набавка на цевки за приклучок во систем за отпадни води**
**во с.Д. Манастирец**

**Член 1**

Согласно оваа одлука ќе се обезбедат 200м цевки од ф-100 за приклучување во системот за отпадни води за потребите на м.з.сД.Манастирец.

**Член 2**

Изведувањето на градежните работи во врска со поставувањето на одводните цевки ќе го спроведат жителите од М.З с.Д.Манастирец.

**Член 3**

Се задолжуваат надлежните служби да ја обезбедат потребната документација.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 767/14**
**08.10.2012година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлука за задолжување на ЈП"Водовод и канализација" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во нас."Стара Воденица" Самоков**

Се објавува **Одлуката за задолжување на ЈП"Водовод и канализација" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во нас."Стара Воденица" Самоков**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година.

Бр.08- 767/ 18
12.10.2012 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општинаМакедонски Брод бр./2003), по поднесено барање од нас.Стара Воденица Самоков,Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година,донесе

**О Д Л У К А**

**За задолжување на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во нас„Стара Воденица„ Самоков**

**Член 1**

Со оваа Одлука се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во нас„Стара Воденица„-Самоков..

**Член 2**

Се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод по влегување на сила на оваа Одлука да ја вметне во Програмата за работа на ЈП за 2011/2012година и истата започне да ја применува од 01.11.2012година со тоа што ќе започне и со пресметување на услугите на корисниците на оваа услуга.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр. 07 - 767 /15
08.10. 2012 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) по барање од Драган М.Ристески од Скопје ул.Д.Х.Димов , Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08 октомври 2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За откуп книга „Порече низ историјата „ од Милан Ристески

**1.** Советот на Општина Македонски Брод го задолжува Градоначалникот за откуп на 100 примероци од книгата „Порече низ историјата „ од авторот Милан Ристески од Скопје односно Син Драган Миланов Ристески .

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 767/ 16

08.10.2012 година

Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод

П р е т с е д а т е л,

Драге Јосифоски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) по барање од општина Пласница и ДПТУ,,Пуцко Петрол од с.Ижишта, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08 октомври 2012 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За дополна на Програма за урбанистички планови со УП**

**за КО Ижишта и КО Ореоец**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод го прифати барањето и го задолжи одделението за урбанизам , комунални дејности и заштита на животна средина при општина Македонски Брод за измена и дополна на Програмата за урбанистички планови за КО Ижишта и КО Ореоец м.в Д.Пласница и КО Ижишта м.в.Д.Ижишта за 2013 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 07- 767/ 17
08.10.2012 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Драге Јосифоски с.р

Врз основа на чл.36 ст.1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02)  и чл.21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски 2/03 ) по доставено барање од  с.Локвица и с.Лаг  , Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 08.10.2012 година го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод го прифати барањето за монтирање на поила за потребите на сточарите на овие села.   .

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен Гласник на општина Македонски Брод

**Бр.07- 762/2**
**08. 10.2012одина**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Драге Јосифоски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за објавување на Одлука за измена и дополна на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Македонски Брод ..................................................................стр. 2

Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Македонски Брод за 2012 година ..........................................................................................стр. 3

Заклучок за усвојување на квартален извештај К1 за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод, К2 – квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 – Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината ........................................................................................стр. 5

Заклучок за објавување на измена и дополна на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општина Македонски Брод за 2012 година ....................стр. 6

Измена и дополна на Програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2012 година ...................................................................стр. 7

Заклучок за објавување на измена и дополна на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Репблика Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод .за 2012 година ...........................................стр. 8

Измена и дополна на програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2012 година .........................................................................стр. 9

Заклучок за објавување на изменувањето и дополнувањето на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 година .......................................................................стр. 13

Изменување и дополнување на програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2012 год....стр. 14

Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на нацрт – измена и дополна на детален урбанистички план „Блок-2“ за ГП 10.12 КП бр3743/2 КО Македонски Брод ..........................................................................................................................стр. 16

Одлука за утврдување на Нацрт – измена и дополна на детален урбанистички план „Блок – 2“ за ГП 10.12 КП бр. 3743/2 КО Македонски Брод ........................................стр. 17

Заклучок за објавување на Одлуката за потреба за размена на градежно земјиште за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење ...........................................стр. 21

Одлука за потребата за размена на земјиште за изградба на објекти од јавен интерес од локално значење ..........................................................................................................стр. 22

Заклучок за објавување на критериуми (елементи) за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот по зони ......................................................................стр. 23

Критериуми (елементи) за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот по зони односно групи на катастарски општини за населените места во градот и селата во Општина Македонски Брод ............................................................................... стр. 24

Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа 2011/12 и Годишна програма за работа на СОУ „Свети Наум Охридски“ Македонски Брод за 2012.2013 година ..........................................................................................................................стр. 26

Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ОЈУ-Детска Градинка 7-ми Септември Македонски Брод за 2012/2013 година .............................................. стр. 27

Заклучок за поставување на испусни цевки на пат Манастирец кон с. Лаг ......стр. 28

Заклучок за објавување на Одлуката за набавка на цевки за приклучок во систем за отпадни води во с.Долни Манастирец ......................................................................стр.29

Одлука за набавка на цевки за приклучок во систем за отпадни води во с.Д.Манастирец ...................................................................................................стр. 30

Заклучок за објавување на Одлука за задолжување на ЈП „Водовод и канализација“ Македонски Брод за собирање на комунален отпад во населба „Стара Воденица“ Самоков ................................................................................................................................стр. 31

Одлука за задолжување на ЈП „Водовод и Канализација“ Македонски Брод за собирање на комунален отпад во нас „Стара Воденица“ Самоков................................стр. 32

Заклучок за откуп на книга „Порече низ историјата“ од Милан Ристески ........стр.33

Заклучок за дополна на Програма за урбанистички планови со УП за КО Ижишта и КО Ореовец ...............................................................................................................стр.34

Заклучок ………...........................................................................................................стр.35